ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 30.06.2023 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-531/1
30.06 2023 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на чл.94 ст.1 т.35 и чл.86 од Законот за високото образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и чл.72 ст.1 т.35 од Статутот на Европски универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 116-та седница одржана на ден 30.06.2023 година го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК
за работата на Центарот за кариера

Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се уредува внатрешната организација и работата на Центарот за кариера на Европски универзитет Скопје, односно неговите цели, структура, раководење, активности, развој на кариера, алумни, соработка со стопански и нестопански субјекти, волонтирање и финансирање на Центарот.

Член 2

Центарот за кариера е внатрешна организациона единица во рамките на Европски универзитет Скопје, основана со цел да обезбеди поддршка на тековните и дипломираните студенти во развојот на знаења и вештини кои ќе им бидат потребни за идно вработување или понатамошно образование.

Услугите на Центарот за кариера се достапни за сите студенти на Европски универзитет Скопје од прв и втор циклус студии, како и за студентите кои веќе имаат завршено на еден од трите циклуси на студии (алумни).

Цели на Центарот за кариера

Член 3

Целта на Центарот е да ги стимулира студентите и алумните на Европски универзитет Скопје да се вклучат во процесот на себеспознавање и насочување на професионалниот развој, преку идентификација, проценка, осознавање и

развивање на нивните знаења, вештини, компетенции, интереси, лични вредности и карактеристики.

Центарот соработува и ги поврзува студентите на Европски универзитет Скопје, со државни институции, трговски друштва, владини и невладини организации, стопански комори и други останати субјекти, заради нивно успешно вклучување на пазарот на трудот.

Член 4

Центарот им помага на студентите при добивање на информации за нивно кариерно планирање и професионална обука.

Центарот ги стимулира студентите да ги развијат своите знаења и вештини за барање работа, подобрување на нивните комуникациски и презентерски вештини, како и вештини со кои ќе можат реално да ги оценат своите можности и квалитети.

Центарот на студентите им обезбедува можност за практична работа и мобилност во деловната заедница, чија цел е збогатување на нивното практично знаење.

Активности на Центарот за кариера

Член 5

Работата на Центарот на кариера ги опфаќа следните активности:

- развивање на знаења, способности и вештини на студентите кои се значајни за идно вработување;
- давање на студентите, информации и совети за можностите за идно образование, за стипендии (во земјата и странство) и за тековните понуди за вработување;
- организирање на обуки, семинари, работилници и промоциски предавања со цел информирање и оспособување на тековните и дипломираните студенти за идно вработување и полесно вклучување на пазарот на трудот;
- поврзување на студентите со работодавачите преку организирање на стручни пракси во компании во земјата;
- консултации и советувања за идниот развој на кариерата на дипломираните студенти;
- координација и поддршка на поранешните студенти, односно алумните на Европски универзитет Скопје и
- други активности утврдени со овој Правилник и со внатрешните акти на Европски универзитет Скопје.

Алумни

Член 6

Центарот за кариера располага со база на податоци за дипломирани, магистрирани и докторирани студенти на Европски универзитет Скопје, којашто вклучува информации за нивниот професионален развој и тековна позиција.

Овие информации периодично се ажурираат.

Центарот може да основа Алумни клуб на Универзитетот и да организира конференции и други настани.

Раководење со Центарот за кариера

Член 7

Со Центарот за кариера раководи раководител кој го именува и разрешува Ректорот на универзитетот, со мандат од 4 /четири/ години, со право на уште еден избор.

Член 8

Раководителот на Центарот за кариера во рамките на своите надлежности:

- подготвува план за работа на Центарот за кариера во согласност со потребите на студентите и целите на Европски универзитет Скопје;
- организира и координира разни настани и активности (обуки, семинари, работилници и сл.) во насока на остварување на целите на Центарот за кариера;
- дава совети и консултации на тековните студенти и алумните за нивното идно образование, односно идно вработување;
- склучува меморандуми за соработка со компании во земјата и континуирано одржува комуникација со истите;
- посредува помеѓу деловниот сектор и студентите во реализацијата на пракса;
- им помага на студентите во подготовка на документација потребна за спроведување на праксата;
- го известува Ректорот на Европски универзитет Скопје за активностите и постигнатите резултати на Центарот за кариера;
- врши и други работи кои се утврдени со овој Правилник и внатрешните акти на Европски универзитет Скопје, а кои се во функција на непречено вршење на целите на Центарот за кариера.

Член 9

Раководителот на Центарот за кариера е одговорен за организација, координација и контрола на активностите предвидени со планот за работа на Центарот.

Финансирање на Центарот за кариера

Член 10

Финансирањето на Центарот за кариера се врши од средствата на Европски универзитет Скопје и од активностите на Центарот.

Центарот може да се финансира со средства од донации, спонзорства и други видови на извори.

Завршни одредби

Член 11

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 12

За измени и дополнувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при неговото донесување.

Член 13

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Проф. д-р Енис Рецеп